**Известување за концентрација со која Телеком Србија АД Белград, Република Србија ќе стекне поединечна контрола над ТЕАМ НЕТ КДС ДОО, Република Србија**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 14.08.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација која се однесува на стекнување на поединечна контрола од страна на Телеком Србија АД Белград, со регистрирано седиште на улица Таковска број 2, Белград, Република Србија над друштвото ТЕАМ НЕТ КДС ДОО, со регистрирано седиште на улица Петра Коњовиќа 116, Чуруг, Жабаљ, Република Србија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Телеком Србија АД Белград** е оператор за електронски комуникациски услуги и мрежи, регистриран за кабелски телекомуникации, а од услугите што ги дава, ги издвојуваме услугите за фиксна и мобилна телефонија, интернет и мултимедијални услуги на територија на Република Србија.

Телеком Србија АД Белград  има едно поврзано правно лице на територија на Република Северна Македонија:

- Друштвото за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје, чие седиште е регистрирано на улица „Максим Горки“ 11/1-3, Скопје, Центар, во Република Северна Македонија, регистрирано за дејност жичани телекомуникации, односно за давање на следните услуги услуги: јавна радио – комуникациска мрежа, широкопојасен пристап на интернет, меѓуоператорски услуги, јавно достапни телефонски услуги во јавна мобилна комуникациска мрежа, реемитување на телевизиски програмски сервиси, сателит.

**ТЕАМ НЕТ КДС ДОО** е оператор за електронски комуникациски услуги и мрежи, регистриран за изнајмување на инфраструктура која се користи за вршење на дејности на електронски услуги и за давање на услуги за фиксна телефонија и други услуги на електронски комуникации на територијата на Република Србија.

ТЕАМ НЕТ КДС ДОО нема поврзани правни лица ниут пак има остварено приходи на територијата на Република Северна Македонија.

По однос на **релевантниот пазар на стоки** за предметната концентрација, Подносителот предлага дека истиот би можел да се дефинира како големопродажниот пазар за

изнајмување на инфраструктура која се користи за вршење на дејности на електронски услуги и малопродажниот пазар за давање услуги за фиксна телефонија.

По однос на **географскиот пазар** за предметната концентрација, Подносителот предлага дека истиот би можел да се дефинира како територијата на Република Северна Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување, Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува сите заинтересирани страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

14.08.2024 година, Скопје